Ст.бр.9/2025

**ОСНОВНИОТ СУД КИЧЕВО** стечајниот судија Илјаз Исмаили решавајќи по предлогот за отворање на стечајна постапка над стечајниот должник Друштво за производство, трговија и услуги МАВЕЈО увоз – извоз ДООЕЛ Кичево на Ул. Мара Угринова- Гина Бр.30 Кичево, во присуство на полн.Адвокат Јелисава Трајкоска Илиевска од Кичево и привремениот стечаен управник Емилија Котеска на ден 16.05.2024 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

Над должникот должникот Друштво за производство, трговија и услуги МАВЕЈО увоз – извоз ДООЕЛ Кичево со седиште на Ул. Мара Угринова- Гина Бр.30 Кичево со ЕМБС 6876609 и ЕДБ 4012013508898. Претежна дејност 47.19 – Друга трговија на мало во неспецијализирани продавници,жиро сметка број 2100687660901882 депонент на НЛБ Тутунска Банка АД Скопје, **стечајната постапка се отвора,стечајна постапка не се спроведува и се заклучува.**

По правосилноста на решението Централниот регистер на РСМ РД Кичево да го брише должникот од регистарот.

По правосилноста на Решението НЛБ Тутунска Банка АД Скопје да ги згаснат жиро сметките на должникот, а доколу има средства истите да ги пренесе на жиро сметка Буџет на РСМ 100-000000630-95 уплатна сметка 840-134-03338 приходна шифра 722211 начин 02 при НБРМ.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштво за производство, трговија и услуги МАВЕЈО увоз – извоз ДООЕЛ Кичево со седиште на Ул. Мара Угринова- Гина Бр.30 Кичево застапувано од управителот застапувано од сопственикот Јоше Божиноски од Кичево со место на живеење на Ул. Мара Угринова- Гина Бр.34 Кичево преку полн.Адвокат Јелисава Трајкоска Илиевска од Кичево на должникот Друштво за производство, трговија и услуги МАВЕЈО увоз – извоз ДООЕЛ Кичево, поднесе Предлог за отворање на стечајна постапка, поради немање можност за продолжување на деловниот потфат и неликвидност.

Судот по Предлогот поведе претходна постапка и за привремен стечаен управник ја назначи Емилија Котеска и определи рочиште за отворање на стечајна постапка на 16.05.2025 година.

На рочиштето управителот на должникот-полномошникот остана

при наводите во предлогот, а судот во доказна постапка ги изведе доказите како на записник од 16.05.2025 година при што утврди дека се исполнети условите согласно чл. 5 од Законот за стечај за отворање на стечајна постапка бидејќи должникот не остварува приходи и не е способен за плаќање односно намирување на своите обврски.

Судот од извештајот на привремениот стечаен управител и изведените писмени докази утврди дека должникот нема имот над кој би се водела стечајна постапка и од тие причини согласно член 68 од Законот за стечај одлучи да не се спроведува постапката и истата да се заклучи.

Судот одлучи средствата на жиро сметките на должникот да ги пренесе на Буџетот на РСМ.

**Стечаен судија**
**Илјаз Исмаили**

**Правна поука:** Против ова Решение дозволена е жалба во рок од 8(осум)дена од приемот до Апелационен суд Гостивар.

**ДНА:** За предлагачот,огласна табла, веб страница на Основен Суд Кичево,УЈП-Кичево, а по правосилноста до Централен регистер на РСМ, ФПИОМ, извадок за службен весник на РСМ, Министерство за економија на РСМ, НЛБ Тутунска  Банка АД Скопје.